До
Собранието на акционери
на БИМ а.д. Свети Николе

# И З В Е Ш Т А Ј
За работата на Одборот на директори на
БИМ а.д Свети Николе за период
01.01.2022 – 31.12.2022 година

Свети Николе, април 2023 год.

Во текот на 2022 година Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе работеше согласно Законот за трговски друштва, Статутот и Општиот колективен договор од областа на стопанството, редовно заседаваше и ги превземаше потребните активности за непречено работење на Друштвото.

Во текот на 2022 година Одборот на директори работеше во следниот состав :

1.Стојанче Стојанов- Претседател на Одбор на директори
2.Ѓорги Стојанов-Извршен член– Генерален директор
3.Слободан Ивановски–неизвршен член
4.Васка Костовска - неизвршен член
5.Тане Бошев- независен неизвршен член

Во рамките на своите надлежности Одборот на директори ги вршеше сите активности поврзани со работата на друштвото освен оние за кој е надлежен повисокиот орган на управувањето а тоа е Собранието на акционери.

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година одржани се вкупно 20 состаноци на Одборот на директори и тоа во согласност со укажаните потреби на друштвото. На истите е запазено учеството на потребниот број на членови за одржување на потребниот кворум за работа и полноправно одлучување.

На состаноците беа разгледувани прашања од редовното работење на друштвото, а исто така и прашања од општ интерес на друштвото. Донесени се 70 (седумдесет) одлуки.

Во овој период на состаноците на Одборот на директори се разгледуваше и одлучуваше по повеќе прашања и тоа :

- Разгледување на редовните извештаи поднесени од страна на Извршниот директор за работата на друштвото како и за финансиската состојба на истото. Сите извештаи беа позитивни и одобрени од Одборот на директори;
- Разгледување на Годишен извештај и завршна сметка на Друштвото за 2021 година;
- Разгледување на извештајот од Централната пописна комисија по направениот годишен попис;
- Се донесе одлука за свикување на Собрание на акционери;
- Се донесоа одлуки за донесување на нови ценовници за продажба во земјата и странство;
- Се донесоа одлуки за корекции во цените ;
- Се донесе одлука за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места;
- Се донесоа одлуки за набавка на основни средства;
- Се донесе одлука за План за извршување на внатрешни ревизии за 2022 год. ;
- Се разгледа и се усвои Конечниот извештај за извршената ревизија на контрола на суровина во БИМ а.д. Свети Николе.;

- Се разгледа и се усвои Конечниот извештај за извршената ревизија на потрошувачка на енергенси –електрична енергија и мазут во во БИМ а.д. Свети Николе;
- Се разгледа и се усвои Полугодишниот извештај од Службата за внатрешна ревизија на Друштвото;
- Се одобри исплата на регрес за годишен одмор за 2022 година за вработените во Друштвото;
- Се донесе одлука за вршење на попис со состојба 31.12.2022 година и за формирање на Централна пописна комисија;
- Се одобри исплата на новогодишен надоместок за вработените во Друштвото;
- Се одобрија средства за набавка на рекламен материјал за новогодишни подароци ;
- Се донесе одлука за финансиска помош;
- Се донесе одлука за осигурување на имотот на БИМ а.д. Свети Николе.

Од погоре наведеното може да се заклучи дека Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе во текот на 2022 година редовно заседаваше и се запознаваше со проблемите во Друштвото и превземаше активности со цел да се обезбеди поуспешно работење на Друштвото.

Од ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
на БИМ а.д. Свети Николе